Дали сакате ТВ21 да ви испраќа ударни вести?
Не Продолжи





# Притвор за лицето кое пукаше во соседите во Велес – се товари за 3 кривични дела!

Автор: Деск | 14/06/2023 15:57

Share



реклама




Во текот на вчерашниот ден јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Велес поради постоење на основано сомнение дека 61 годишниот жител на с. Подлес, Градско е сторител на кривичните дела Убиство, Убиство во обид и Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи, донесе Наредба за спроведување на истражна постапка против него.

Ценејќи дека постојат околности што укажуваат дека осомничениот може да побегне, дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоци и вештаци, како и дека може да го повтори делото, до судијата на претходна постапка при Основниот суд Велес достави предлог за определување на мерка притвор против осомничениот. Судијата го прифати предлогот на обвинителството и со Решение определи притвор во траење од 30 дена.

реклама




Настанот се случи на 12.6.2023 година во с.Подлес, Градско кога двајцата соседи на осомничениот со цел да се приклучат на мрежната водоводна инсталација со соодветен алат започнале да извршуваат ископ на земја на десетина метри од влезната врата на осомничениот. Осомничениот со кого оштетените имале претходно нарушени односи откако ги забележал, дошол со полуавтоматско кусо огнено оружје – пиштол што неовластено го поседувал и започнал да пука кон нив. Притоа едниот оштетен бил ранет во пределот на левата надколеница, додека вториот починал на местото на настанот од здобиените прострелни рани на левата страна од стомакот и левата нога.

Предметниот јавен обвинител по добиените сознанија за настанот изврши увид на местото на несреќата и издаде низа наредби потребни за расветлување на случајот.

реклама




Share

## ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

Македонија | 14/06/2023 16:03
**За време на родителски состанок, родител на ученичка агресивно се однесувал и упатил закана кон професорка!**

Македонија | 14/06/2023 15:51
**Промовирање на безбедноста преку одржлив развој и економски раст во фокусот на конференцијата на ОБСЕ за економска и еколошка безбедност**

Автомото | 14/06/2023 15:45
**ID.7: софистицирана аеродинамичност за долг дострел и висока ефикасност**

Македонија | 14/06/2023 15:22
**Во Собрание не помина предлогот за ослободување од партиципација од медицински услуги и лекови на пациенти со цистична фиброза**

Македонија | 14/06/2023 14:43
**Уставниот суд ја отфрли иницијативата за Здружението „Културен Центар Иван Михајлов – Битола"**

Деск

реклама




реклама



реклама




реклама



© Copyright - TB21